Shpendim Maksuti, PhD[1]

UDC:
342.7(497.7)

# TË DREJTAT DHE LIRITË E NJERIUT DHE MEKANIZMAT NË SISTEMIN JURIDIK NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ И МЕХАНИЗМИТЕ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# HUMAN RIGHTS AND FREEDOMAND MECHANISMS IN THE LEGAL SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract**

In every country, regardless of internal state and social order, the judiciary is one of the most important mechanisms for the protection of human rights and freedom. In Republic of Macedonia, according to the provisions of the Constitution itself, the judicial power is executed by the courts.

The constitutional decisions regulate and stress the formation of the Inquiry Committee. The Inquiry Committee is a working body of the Assembly of the Republic of Macedonia. From the aspect and criterion of protection of human rights and freedom, the Inquiry Committee is an important instrument in the system of protection in the country.

As emphasized at the very beginning of this review, in the Republic of Macedonia several associations and non-governmental organizations were established in the transition period. Among them are non-governmental organizations that directly engage and advocate the promotion of human rights and their freedom in Republic of Macedonia.

[1] Part time Lecturer at the Faculty of Business Administration at the University of Tetovo

## 1. Судовите и судската надлежност

Во секоја држава, независно на внатрешното државно и општествено уредување, судската власт претставува еден од најважните механизми за заштита на човековите права и слободи. Во Република Македонија, а согласно определбите на самиот Устав судската власт ја вршат судовите. Од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката, покрај другите, јасно се подвлекува и како посебна темелна вредност се уредува и утврдува дека власта во Република Македонија е поделена на законодавна, извршна и судска.[2] Поаѓајќи од ваква определба судовите се самостојни и независни. Судот врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Организацијата на судската власт е единствена забранети се вонредни судови. По однос на видовите на надлежноста пред судовите, организацијата и составот на судовите како и постапката пред нив, како што се подвлекува во самиот Устав, овие прашања се уредуваат со посебен закон. Законот се донесува со двократно мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници на собранието на Република Македонија.

При една ваква определба може лесно сега да се утврди и значењето на судовите во Републиката како механизми во заштита на човековите права и слободи. Човековите права и слободи во рамките на судската власт, во рамките на судовите поточно речено, се заштитува на повеќе нивоа и во повеќе области. Постои граѓанско правната заштита на човековите права и слободи кој се однесуваат на имотно правните односи, семејните и брачните односи, односите во сферата на наследувањето и другите области од граѓанско правната сфера која претставува и најширока правна гранка во правниот систем на секоја земја. Како таква, граѓанско правната гранка се третира, се цени и се вреднува и во правниот систем на Република Македонија. Од друга страна, човековите права и слободи се заштитуваат од страна на судовите и во сферата на управно правната област и правната заштита во сите случаи кога граѓанинот остварува односно треба да оствари одредено право во постапка предвидена со законите од управно правната сфера.

[2] За изложеното одредбите од член 8 од Уставот на Република Македонија.

Покрај наведените области, човековите права и слободи се штитат и во кривично-правната сфера. Станува збор за заштита и безбедноста на секој човек и граѓанин . Се обезбедува неговата личност, достоинство, чест и сигурност. Од сите видови на насилства, самоволија, експлоатација или кршење на со Устав или закон утврдени и признати права. Кривично правното законодавство во конкретни глави на Кривичниот Законик предвидува и содржи комплекс на одредби со кои се штити човековата личност, неговите права и неговите слободи. Само за една целосна претстава и поконкретен увид и преглед ги наведуваме следните две глави. Имено, во Кривичниот Законик на Република Македонија се санкционирани конкретни кривични дела кои се вперени против слободата и правата на човекот и граѓанинот, а се однесуваат на нивната рамноправност. Од нив посебно се санкционираат кривичните дела противправното лишување од слобода; грабнување, изнудување на признавање или изјава; малтретирање во вршење на службата; загрозување на сигурноста; нарушување на неповредливоста на станот; против законито претресување; повреда на тајноста на писмата и другите пратки; неовластено откривање тајна; неовластено сликање; спречување или смеќавање на јавен собир; повреда на рамноправноста на јазикот и писмото. Се санкционирани и други кривични дела. Овие што се наведени претставуваат кривични дела со чие санкционирање на директен начин од страна на кривично правното законодавство се штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Втората глава се однесува на кривичните дела против избирачкото право . Во оваа глава на Кривичниот Законик покрај другите се санкционира кривичното дело против повредата на слободата на определување на избирачите; уништување на изборните исправи; повикување на одговорност поради гласање; повреда на тајноста на гласањето; фалсификување на резултатите од изборите и самото гласање како и другите кривични дела од наведената глава од Кривичниот Законик.

Пред судовите во Република Македонија посебно се пружи правна заштита и тоа на повеќе нивоа за моралните вредности на секој човек и граѓанин.[3] Се штити честа и угледот; достоинството на личноста и моралот; бракот и семејството; интимната сфера;

[3] Поконкретно во научниот труд на М-р сц. Шпендим Максути објавено во научно списание Vizione 2013 година. стр.216-218

здравјето на луѓето; приватноста како и другите нематеријални добра кои во правото се нарекуваат и како морални добра односно морални вредности.

Врз основа на изложеното јасно се подвлекува дека само во рамките на судовите и судската власт на повеќе нивоа и од повеќе аспекти се штитат човековите права и слободи. Спрема тоа, имаме граѓанско правна заштита, управна правна заштита и кривично правна заштита. За прекршителите за човековите права и слободи во секое правно уредено општество, кривично правната заштита за нив претставува и потежок облик на одговорноста. Станува збор за кривично правна одговорност. Но, и овде треба да се нагласи дека кривично правната заштита не треба секогаш да се претвори во единствена форма на заштита. Кривично правната заштита секогаш претставува крајна мерка против асоцијалното однесување на поединци или групи. Од другата страна, кривично правната мерка како последица на кривично правната одговорност никогаш не може да се смета како мерка која би била неспоива со хуманитарниот карактер на општественото уредување во Република Македонија. Ова затоа што на насилничкото однесување вперено спрема основните општествени вредности треба и мора со присила да се одговара.

За да се оствари судската функција посебно во сферата на човековите права и слободи важни се следните начела, следните правила на кои почива и се засновува судската власт.[4] Од тие начела посебно ги подвлекуваме начелата како што следува: Прво, заштитата на човековите права и слободи да се оствари стриктно и доследно спрема уставните решенија; второ судиите во судовите и во сите судски инстанции треба да бидат ослободени од секој вид на влијание или притисоци било тоа да се политички или други; судиите да имаат морални и човечки квалитети. Со поседување и почитување на овие квалитети се цени нивниот авторитет како носители на оваа можна важна и одговорна функција. Судиите треба да се стручно оспособени; истите треба да се достоинствени кој атрибут во себе ги содржи следните битни елементи а тие се висок степен на одговорноста, совесност и совест во работењето и во вршењето на судската функција.

[4] Проф. Др. Куртеш Салиу, Уставно Право, Приштина. 1998 година. стр. 237-238

Покрај наведените начела, за да се оствари судската власт во сферата на правната заштита на човековите права и слободи секое демократско општество, а тоа важи за Република Македонија, сноси одговорност за односот спрема судиите и судската власт. Спрема судиите треба да се однесуваат како спрема вистински заштитници на слободите и правата на човекот. Судискиот углед треба да се почитува и да се чува . Државните органи треба да ги создадат потребните услови за ефикасно и навремено делување на судовите во сите оние случаи и ситуации кога треба да се пружи конкретна заштита за човековите права и слободи. Ова секогаш и секаде. Судовите треба да се третираат како важен орган во општеството. Недозволиво е судовите и судиите кои работат во нив да се третираат како органи за извршување и спроведување на дневната политика или на сфаќањата и оценките на разните форми и влијателни поединци.

За реализацијата на овие начела на кои се заснова судската власт и посебно судовите во заштитата на човековите права и слободи, во Република Македонија се усвоени и се спроведуваат значајни реформи. Станува збор за реформите во судската власт. Согласно определбите на Уставот, судиите во Република Македонија се бираат без ограничување на мандатот. Истите уживаат имунитет. Судиската функција е постојана и самостојна. За независноста на судската власт и за остварувањето на оваа определба се востановени посебни органи во рамките на судската власт. Станува збор за Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија. Со уставните амандмани од 2005 година позицијата на наведените органи квалитетно се унапредува и промовира.[5]

## 2. Народниот правобранител

Во правниот систем на Република Македонија, а врз основа на определбите на Уставот од 1991 година се востановува посебен орган кој се нарекува Народен правобранител. Станува збор за посебен орган во Републиката и како посебен орган се утврдува и се санкционира со уставните решенија. Наведениот орган има

[5] Проф. д-р, Осман Кадриу Уставно уредување на Македонија на албански јазик, Rregullimi kushtetues i Maqedonisë, Скопје 2006 година, стр., 263-264.

посебна надлежност во заштитата на човековите права и слободи.[6] Тоа нешто посебно кога се случува нивната повреда од страна на органите на државната администрација, институциите на државата, јавните претпријатија и другите видови на правни лица.

За работата на народниот правобранител, за организационата поставеност и неговата надлежност е донесен и посебен Закон. Во Република Македонија Народниот правобранител ја започнал својата работа во 1997 година. Значајни се новините од 2001 година. Станува збор за амандманите на Уставот на Република Македонија. Со посебен амандман (амандманот XI) со чии решенија се проширува надлежноста на Народниот правобранител. Овој орган се здобива со значајни и квалитетни нови надлежности и во сферата на соодветната и правична застапеност.[7] Мошне чувствителна сфера во која Народниот правобранител има конкретни надлежности е сферата на недискриминација. Има посебна надлежност и во основањето на Комитетот за Меѓунационалните односи како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија. И поконкретно. Кога се анализираат решенијата на уставните амандмани од 2001 година, а посебно Амандманот XI, покрај другото произлегува дека Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува посебно внимание за заштита на начелата на недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.[8]

По однос на неговата надлежност во конституирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, во Амандманот XII покрај другото се утврдува и уредува следното прашање. „Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по 7 члена од редот на пратениците во Собранието, Македонци и Албанци и по еден член од редот на

[6] Поконкретно за изложеното, Светомир Шкариќ Споредбено Уставно, Скопје 2004 година, стр.747.

[7] Проф. д-р, Осман Кадриу Уставно уредување на Македонија на албански јазик, Rregullimi kushtetues i Maqedonisë, Скопје 2006 година, стр., 292-298.

[8] Поконкретно за изложеното во Амандманот бр. XI на Уставот на Република Македонија. Амандманот XI е објавен во “Службен весник на РМ”, бр. 91/2001 година.

пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Доколку некоја од заедниците нема претставници, Народниот правобранител, по консултации со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на Комитетот.

Врз основа на уставните решенија од 2001 година за Народниот правобранител, Собранието на Република Македонија го донесе и новиот Закон за Народниот правобранител кој во целост е усогласен со измените и дополненијата на Уставот на Република Македонија извршно во 2001 година. Вториот по ред Закон за Народниот правобранител е донесен 2003 година и со неговите одредби е уредена надлежноста на оваа институција, изборот, организационата поставеност, времетраење на мандатот како и прашањата кои се однесуваат на престанувањето на функцијата Народен правобранител.

### 3. Анкетна комисија

Со уставните решенија посебно се уредува и се нагласува формирањето на Анкетната комисија. Анкетната комисија претставува работно тело на Собранието на Република Македонија.[9] Ценето од аспект и критериумот на заштитата на човековите права и слободи, анкетната комисија претставува важен инструмент во системот на заштитата во Републиката. Нејзината улога посебно се цени во гарантирањето и заштитата и правата на човекот и граѓанинот. Официјалниот назив на анкетната комисија која е во надлежност ја има заштитата е Постојната анкетна комисија за заштитата на слободата и правата на граѓанинот.[10] Нејзиниот состав и надлежност и начин на работа се уредуваат со посебна одлука. Собранието на Република Македонија има донесено Одлука за основање на постојната комисија за заштита на човековите слободи и права во 1992 година. Истата година цитираната Одлука е дополнета и изменета. Двете одлуки се објавени во „Службен весник на Република Македонија“.

Кога се анализира целата содржина на наведената Одлука јасно може да се забележи делокругот на комисијата. Нејзиниот

---

[9] Проф. д-р, Осман Кадриу Уставно уредување на Македонија на албански јазик, Rregullimi kushtetues i Maqedonisë, Скопје 2006 година, стр., 225.

[10] Проф. Др. Светомир Шкариќ, Споредбено Уставно Право, цитирано дело, стр.609.

делокруг има изразито аналитички карактер со елементи на научен приод. Од надлежностите на постојната анкетна комисија се подвлекуваат прашањата како што се: разгледување на начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот кои се однесуваат на основните слободи и права на граѓанинот. Во Одлуката се подвлекува надлежноста во разгледувањето на иницијативите и предлозите за донесување закони, нацрти и предлози на закони и други прописи и општи акти од значење од остварување на заштитата на слободите и правата на граѓанинот. Комисијата има право да укажува на потребата за донесување на конкретни закони, конкретни прописи и општи акти заради поцелосна и посоодветна заштита на слободите и правата на граѓанинот. Важна е нејзината надлежност која се огледа во следењето, разгледувањето и анализирањето на остварувањето на ратифицираните меѓународно правни акти со чии одредби се регулира заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Важни се новините на донесените одлуки за постојната анкетна комисија, а со нив се уредува и прашањето на соработката на оваа комисија со други тела. Се подвлекува и се уредува соработката на комисијата со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на човекот; соработката со соодветни странски меѓународни тела од областа на заштитата на слободата и правата на човекот; како и соработката со работните тела на Собранието на Република Македонија. Од собраниските работни тела важна е соработката на оваа комисија со Комитетот за односи со националните заедници; со Комисијата за општествен надзор и претставки како и со други работни тела и комисии на Собранието на Република Македонија. Соработката со собраниските тела, покрај цитираната Одлука, се уредува и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

### 4. Адвокатурата во Република Македонија

Адвокатурата е стара институција. Како институција е познато уште во римското право и во конкретните фази на развојот на римската држава. Како стара институција се појавува во стара Грција посебно во Атина. По распаѓањето на Римската Империја и значително подоцна, адвокатурата повторно се востановува во развиените западни земји. Во организирана форма се појавува во

Франција уште во 13-ти век. Во современото право и современите уставно-правни системи адвокатурата се востановува и правно се уредува со конкретна правна регулатива на секоја земја, независно од внатрешното општествено и државно уредување.

Адвокатурата во Република Македонија се уредува како уставна материја.[11] Уставот од 1991 година адвокатурата ја определува како самостојна, независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Она што е битно да се нагласи кога станува збор за човековите права и слободи, адвокатурата е единствена јавна служба во сферата на човековите слободи и права. Како таква ја познава и нашиот Устав.[12] Во овој контекст треба да се нагласи дека функцијата на адвокатурата е давањето на правна помош на граѓаните и на другите субјекти во остварувањето на нивните права и интереси засновани врз основа на закон. Тоа претставува и нејзина надлежност. Во давањето на правна помош адвокатурата севкупните свои активности ги врши во согласност со Законот. Во таа смисла и во Република Македонија, а по донесувањето на Уставот од 1991 година, во 1992 година се донесе прв пат Закон за адвокатура.

Во законот за адвокатура од 1992 година, а потоа од 2002 година како и со измените и дополненијата извршени во 2006 година поконкретно се уредуваат прашањата кој се однесуваат на оваа институција како самостојна и јавна служба. Прво се определуваат јавните овластувања на адвокатурата, потоа условите за вршење на адвокатската дејност, правата и должностите на адвокатите. Соодветно се уредуваат и прашањата кои се поврзани со органите на адвокатурата како што се Адвокатската комора и другите органи.

Кога се анализираат јавните овластувања на Адвокатурата и адвокатите како извршители на оваа дејност јасно произлегува дека истите се групираат во две групи. Во првата група спаѓаат правата на адвокатите за составување на исправи, со изјави за потврда на факти и потврдувањето заклучоци на собранија на трговски друштва, здружение на граѓани, фондации и други правни

[11] Проф. д-р, Фатмире Љумани; Уставно право, Тетово, 2014 година, стр. 260.

[12] Од содржината на член 53 од Уставот на Република Македонија јасно се забележува дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со законот.

лица. Во втората група се содржани овластувањето на прибавување на известувања врз основа на посебно полномошно од странката, од судовите и другите државни органи, јавни служби и други правни лица. Овие овластувања, и врз основа на истите упатуваат на заклучок дека и адвокатурата, како самостојна јавна служба, на некој начин се изразува како орган на власта, или како орган преку кој доаѓа до израз државниот империум. Затоа, адвокатурата се третира и како орган кој во името на државната власт врши функции во областа на правото.[13]

По однос на извршителите на адвокатската дејност, законските одредби се јасни се подвлекува дека адвокатската дејност се врши исклучиво од адвокатите. Адвокатите и нивните друштва се запишуваат во Адвокатскиот Именик кој се води во Адвокатската комора на Република Македонија. Уписот во Именикот на адвокатите се врши на начин и постапка уредена со самиот Закон. А тоа значи дека во овој Именик може да бидат запишани лицата кој ги исполнуваат условите за вршење на адвокатската дејност, услови предвидени со Закон врз основа на Устав. На запишаниот адвокат му се издава лиценца и од тој момент тој може легално и законито да ја врши адвокатската должност. Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа. Самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на конкретна странка, на секоја странка која ја застапува согласно претходно издадено полномошно. Правната помош адвокатот треба да ја дава совесно и стручно.[14] Се тоа треба да се врши во согласност со Законот и Кодексот на адвокатската етика и другите акти кој ги донесува Комората. Во вршењето на адвокатската должност посебно се цени и се почитува професионалната етика на адвокатите. И во таа смисла, како што правилно се подвлекува и во Законот и во актите на Комората, произлегува должноста на секој адвокат и на сите адвокати да се грижат за правилно примена на кодексот во практиката. Самиот Кодекс содржи собир на начела според кои се однесуваат адвокатите во својата работа. Тие начела претставуваат дел од општите начела на етиката или на моралниот закон во најшироката смисла на зборот.

[13] Проф. Др. Светомир Шкариќ, Споредбено Уставно Право, цитирано дело, стр. 734-740.

[14] Проф. д-р, Осман Кадриу Уставно уредување на Македонија на албански јазик, Rregullimi kushtetues i Maqedonisë, Скопје 2006 година, стр. 297.

Самата правна помош, како основна должност на адвокатите кон странките како клиенти, се состои во давање на правни совети, составување на разни исправи за правни работи, во составување на поднесоци во судски и други постапки. Во листата на правната помош, без секое сомневање, значајно место зазема застапувањето на странките, кое застапување се врши од страна на адвокатите и тоа пред судовите, пред другите органи, пред правните и физичките лица, во одбраната на обвинети лица како и во вршењето на другите работи на правна помош во согласност со Закон. Со цел да се обезбеди целосна слобода, самостојност и независност на адвокатот во неговата работа, Законот утврдува имунитет на адвокатот. Имунитетот се однесува на институцијата кривична одговорност и посебно за претресување на неговата адвокатска канцеларија. Адвокатот не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење во судењето и не може да биде притворен за кривично дело во давањето на правна помош без претходно да се прибави мислење од адвокатската комора на Република Македонија како и исполнување на другите услови предвидени со Законот. По однос на претресувањето на адвокатската канцеларија, истото може да се врши само по однос на писмената изречно содржани во исправата на судот за претресување како и во присуство на претставник на Адвокатската комора на Република Македонија.

Меѓутоа исто така се подвлекува во Законот и во актите на комората дека за својата работа, а во случај на кршење на дисциплината, адвокатите одговараат. Тоа значи дека адвокатот одговара во вршењето на адвокатската должност. Самата постапка се спроведува од надлежната комисија избрана од органите на Адвокатската комора на начин и постапка предвидена со Законот за адвокатура, Кодексот на Адвокатската комора и другите правни акти на оваа асоцијација.[15]

Најпосле треба да се нагласи дека во Законот таксактивно се наведени случаите на престанување на адвокатската должност. Адвокатската должност престанува, покрај другото по негово барање; потоа, во случаите на именување на функција, професија или друга јавна служба чие вршење е неспоиво со вршење на адвокатската должност.[16] Еден од начините е и се однесува кога

[15] Проф. д-р, Фатмире Љумани; Уставно право, Тетово, 2014 година, стр. 261.

[16] Проф. д-р, Осман Кадриу Уставно уредување на Македонија на албански јазик, Rregullimi kushtetues i Maqedonisë, Скопје 2006 година, стр. 298.

адвокатот заснова работен однос во конкретно правно лице. На адвокатот му престанува должноста и поради престанувањето на физичките и психичките можности во вршењето на адвокатската должност и во случај на извршено кривично дело за кое се утврдува негова кривично-правна одговорност и му биде изречена казна минимум 6 месеци – ефективна казна затвор. Постојат и други случаи на престанување на адвокатската должност кои ги уредува Законот и Кодексот на Адвокатската комора.

**Conclusion**

For the implementation of these principles on which the judiciary is based and especially the courts for the protection of human rights and freedom, significant reforms are been adopted and implemented in the Republic of Macedonia. These are the reforms in the judicial power. According to the provisions of the Constitution, the judges in the Republic of Macedonia are elected without limitation of their mandate. They enjoy immunity. The judicial function is permanent and independent. For the independence of the judiciary and for the realization of this determination, special bodies have been established within the judicial authority. This is the Judicial Council of the Republic of Macedonia and the Council of Public Prosecutors of the Republic of Macedonia. With the constitutional amendments of 2005, the position of these bodies is greatly advanced and promoted.

Thenovelties of the adopted decisions for the existing inquiry committee are important, and they also regulate the issue of the cooperation of this commission with other bodies. The cooperation of the commission with scientific and professional organizations in the field of protection of human rights and freedom is underlined and regulated; cooperation with appropriate foreign international bodies in the area of protection of human rights and freedom; as well as the cooperation with the working bodies of the Assembly of the Republic of Macedonia.

As emphasized at the very beginning of this review, in the Republic of Macedonia several associations and non-governmental organizations were established in the transition period. Among them there are non-governmental organizations that directly engage and advocate for the promotion of human rights and freedom in the country.

**Recensentë:**
**Prof. dr. Jusuf Zejneli**
**Prof. dr. Bajram Pollozhani**

**Bibliography**


1. Saliu, Kurtesh , “Constitutional Law”, Pristina, 1998
2. Kadriu, Osman, “Constitutional Law adjustmet in Republic of Macedonia”, Skopje 2006
3. Lumani, Fatmire, “Constitutional Law”, Tetovo 2014
4. Shkaric, Svetomir, “Macedonia on all continents (peace-democracy-geopolitics)”, Skopje, 2000.
5. Shkaric, Svetomir: “Comparative and Macedonian Constitutional Law”, Skopje, 2004.
6. Shkaric, Svetomir: “Constitutional Law”, “Matica”, Skopje, 2006.
7. Shkaric, Svetomirr: “Constitutional Law”, Skopje, 2015.
8. Siljanovska-Davkova, Gordana and Vladimir Mitkov. “Local Self-Government’, MAGOR, Skopje, 2004.
9. Maksuti, Shpendim, “The Independent Judiciary’, a scientific paper published in the scientific journal Vizione, Skopje, 2013.
10. Constitution of the Republic of Macedonia 1991.